L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	410.000	410.000	0	0	0	0	410.000
РАСХОДИ :							
42 *СТОКИ И УСЛУГИ*	**400.000**	**400.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**400.000**
423 *Материјали и ситен инвентар*	250.000	250.000	0	0	0	0	250.000
424 *Поправки и тековно одржување*	150.000	150.000	0	0	0	0	150.000
46 *СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ*	**10.000**	**10.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.000**
463 *Трансфери до невладини организации*	10.000	10.000	0	0	0	0	10.000
L00 *СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА*	410.000	410.000	0	0	0	0	410.000
42 *СТОКИ И УСЛУГИ*	**400.000**	**400.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**400.000**
423 *Материјали и ситен инвентар*	250.000	250.000	0	0	0	0	250.000
424 *Поправки и тековно одржување*	150.000	150.000	0	0	0	0	150.000
46 *СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ*	**10.000**	**10.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.000**
463 *Трансфери до невладини организации*	10.000	10.000	0	0	0	0	10.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ
Ниво на: СТАВКА

	207.571.720	**101.571.700**	**2.519.000**	**124.755.238**	**0**	**0**	**228.845.938**

Категорија Ставка О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	**Вкупни расходи**
LA *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА*	5.620.000	9.290.000	0	0	0	0	9.290.000
ПРИХОДИ:							
LA0 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОшОЦИ)	5.620.000	9.290.000	0	0	0	0	9.290.000
РАСХОДИ:							
48 *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*	**5.620.000**	**9.290.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**9.290.000**
482 *Други градежни објекти*	5.620.000	9.290.000	0	0	0	0	9.290.000
LA0 *СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)*	5.620.000	9.290.000	0	0	0	0	9.290.000
48 *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*	**5.620.000**	**9.290.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**9.290.000**
482 *Други градежни објекти*	5.620.000	9.290.000	0	0	0	0	9.290.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ
Ниво на: СТАВКА

	207.571.720	**101.571.700**	**2.519.000**	**124.755.238**	**0**	**0**	**228.845.938**

Категорија / Ставка — О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	**Вкупни расходи**
N1 *ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ*	115.873.390	2.842.930	210.000	113.968.000	0	0	117.020.930
ПРИХОДИ :							
N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	115.873.390	2.842.930	210.000	113.968.000	0	0	117.020.930
РАСХОДИ :							
40 *ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*	**98.790.390**	**0**	**0**	**107.373.000**	**0**	**0**	**107.373.000**
401 *Основни плати*	69.953.000	0	0	76.080.464	0	0	76.080.464
402 *Придонеси за социјално осигурување*	27.131.390	0	0	29.587.536	0	0	29.587.536
404 *Надоместоци*	1.706.000	0	0	1.705.000	0	0	1.705.000
42 *СТОКИ И УСЛУГИ*	**14.356.000**	**2.842.930**	**210000**	**3.155.000**	**0**	**0**	**6.207.930**
421 *Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*	4.481.000	40.000	10.000	2.134.000	0	0	2.184.000
423 *Материјали и ситен инвентар*	395.700	0	120.000	350.000	0	0	470.000
424 *Поправки и тековно одржување*	8.084.300	2.502.930	40.000	410.000	0	0	2.952.930
425 *Договорни услуги*	1.067.000	300.000	15.000	160.000	0	0	475.000
426 *Други тековни расходи*	328.000	0	25.000	101.000	0	0	126.000
46 *СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ*	**320.000**	**0**	**0**	**328.000**	**0**	**0**	**328.000**
464 *Разни трансфери*	320.000	0	0	328.000	0	0	328.000
48 *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*	**2.407.000**	**0**	**0**	**3.112.000**	**0**	**0**	**3.112.000**
480 *Купување на опрема и машини*	557.000	0	0	612.000	0	0	612.000
482 *Други градежни објекти*	0	0	0	2.500.000	0	0	2.500.000
486 *Купување на возила*	1.850.000	0	0	0	0	0	0
N10 *ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ*	115.873.390	2.842.930	210.000	113.968.000	0	0	117.020.930
40 *ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*	**98.790.390**	**0**	**0**	**107.373.000**	**0**	**0**	**107.373.000**
401 *Основни плати*	69.953.000	0	0	76.080.464	0	0	76.080.464
402 *Придонеси за социјално осигурување*	27.131.390	0	0	29.587.536	0	0	29.587.536
404 *Надоместоци*	1.706.000	0	0	1.705.000	0	0	1.705.000
42 *СТОКИ И УСЛУГИ*	**14.356.000**	**2.842.930**	**210.000**	**3.155.000**	**0**	**0**	**6.207.930**
421 *Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*	4.481.000	40.000	10.000	2.134.000	0	0	2.184.000
423 *Материјали и ситен инвентар*	395.700	0	120.000	350.000	0	0	470.000
424 *Поправки и тековно одржување*	8.084.300	2.502.930	40.000	410.000	0	0	2.952.930
425 *Договорни услуги*	1.067.000	300.000	15.000	160.000	0	0	475.000
426 *Други тековни расходи*	328.000	0	25.000	101.000	0	0	126.000
46 *СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ*	**320.000**	**0**	**0**	**328.000**	**0**	**0**	**328.000**
464 *Разни трансфери*	320.000	0	0	328.000	0	0	328.000
48 *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*	**2.407.000**	**0**	**0**	**3.112.000**	**0**	**0**	**3.112.000**
480 *Купување на опрема и машини*	557.000	0	0	612.000	0	0	612.000
482 *Други градежни објекти*	0	0	0	2.500.000	0	0	2.500.000
486 *Купување на возила*	1.850.000	0	0	0	0	0	0

ПОСЕБЕН ДЕЛ
Ниво на: СТАВКА

	207.571.720	**101.571.700**	**2.519.000**	**124.755.238**	**0**	**0**	**228.845.938**

Категорија / Ставка — О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	**Вкупни расходи**
V1 *ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*	10.349.330	500.000	2.244.000	10.787.238	0	0	13.531.238
ПРИХОДИ :							
V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ	10.349.330	500.000	2.244.000	10.787.238	0	0	13.531.238
РАСХОДИ :							
40 *ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*	**6.124.860**	**0**	**0**	**9.624.500**	**0**	**0**	**9.624.500**
401 *Основни плати*	4.323.648	0	0	6.767.000	0	0	6.767.000
402 *Придонеси за социјално осигурување*	1.679.212	0	0	2.587.500	0	0	2.587.500
404 *Надоместоци*	122.000	0	0	270.000	0	0	270.000
42 *СТОКИ И УСЛУГИ*	**3.670.520**	**200.000**	**2244000**	**773.323**	**0**	**0**	**3.217.323**
421 *Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*	553.000	0	0	372.000	0	0	372.000
423 *Материјали и ситен инвентар*	1.286.000	0	1.800.000	86.000	0	0	1.886.000
424 *Поправки и тековно одржување*	361.470	0	0	176.000	0	0	176.000
425 *Договорни услуги*	955.050	200.000	424.000	120.000	0	0	744.000
426 *Други тековни расходи*	115.000	0	20.000	19.323	0	0	39.323
427 *Привремени вработувања*	400.000	0	0	0	0	0	0
48 *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*	**553.950**	**300.000**	**0**	**389.415**	**0**	**0**	**689.415**
480 *Купување на опрема и машини*	57.500	0	0	0	0	0	0
486 *Купување на возила*	496.450	300.000	0	389.415	0	0	689.415
V10 *ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*	10.349.330	500.000	2.244.000	10.787.238	0	0	13.531.238
40 *ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*	**6.124.860**	**0**	**0**	**9.624.500**	**0**	**0**	**9.624.500**
401 *Основни плати*	4.323.648	0	0	6.767.000	0	0	6.767.000
402 *Придонеси за социјално осигурување*	1.679.212	0	0	2.587.500	0	0	2.587.500
404 *Надоместоци*	122.000	0	0	270.000	0	0	270.000
42 *СТОКИ И УСЛУГИ*	**3.670.520**	**200.000**	**2.244.000**	**773.323**	**0**	**0**	**3.217.323**
421 *Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*	553.000	0	0	372.000	0	0	372.000
423 *Материјали и ситен инвентар*	1.286.000	0	1.800.000	86.000	0	0	1.886.000
424 *Поправки и тековно одржување*	361.470	0	0	176.000	0	0	176.000
425 *Договорни услуги*	955.050	200.000	424.000	120.000	0	0	744.000
426 *Други тековни расходи*	115.000	0	20.000	19.323	0	0	39.323
427 *Привремени вработувања*	400.000	0	0	0	0	0	0
48 *КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*	**553.950**	**300.000**	**0**	**389.415**	**0**	**0**	**689.415**
480 *Купување на опрема и машини*	57.500	0	0	0	0	0	0
486 *Купување на возила*	496.450	300.000	0	389.415	0	0	689.415

ПОСЕБЕН ДЕЛ
Ниво на: СТАВКА

	207.571.720	**101.571.700**	**2.519.000**	**124.755.238**	**0**	**0**	**228.845.938**

Категорија Ставка О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	**Вкупни расходи**
X1 *РОДОВА ЕДНАКВОСТ*	60.000	60.000	0	0	0	0	60.000
ПРИХОДИ :							
X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ	60.000	60.000	0	0	0	0	60.000
РАСХОДИ :	**60.000**	**60.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**60.000**
46 *СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ*	60.000	60.000	0	0	0	0	60.000
464 *Разни трансфери*	60.000	60.000	0	0	0	0	60.000
X10 *РОДОВА ЕДНАКВОСТ*	**60.000**	**60.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**60.000**
46 *СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ*	60.000	60.000	0	0	0	0	60.000
464 *Разни трансфери*							23

Член 4

Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на Општина Јегуновце„ а ќе се применува од 1 јануари 2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Бр. 05-2482/3
24.12.2024 год.
Јегуновце

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година

Се прогласува Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 24.12.2024 год.

Бр. 09-2496/2
25.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр.5/2002), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/2011,192/15, 209/2018 и „Сл.весник на РСМ„ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), и член 91 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општината Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 24.12.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година

Член 1

Се усвојува Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце.

Бр. 08-2482/4
24.12.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година

Се прогласува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 24.12.2024 год.

Бр. 09-2496/3
25.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.„ бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/2011,192/15 и 209/18 и „Сл.весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Сл.весник на РМ„ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Сл.весник на РСМ„бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16,142/16 и 11/18 и „Сл.весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) одредбите на грандскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите јавните обвинителства, казнено поправните и воспитно-поправните установи, државното правобаранителство, општините Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Сл.весник на РСМ бр.51/20, 172/21) и член 91 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 24.12.2024 год. донесе

О Д Л У К А
За извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2025 година

Член 1

Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 година (во понатамошниот текст Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активност, Буџет на дотации, Буџет на кредити и Буџет на донации.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основнит буџет на општината, расходите и другите одливи на буџетот на општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни распределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренаменета во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на дотации, буџетот на донации или буџет на заеми планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

-Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,35, а основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година,според податоците на Државниот завод за статистика.

- вредноста на бодот на административните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општина Јегуновце.

- вредноста на бодот на вработените кои немаат статус на административни службеници и истите се помошно -техничкиот персонал, вредноста на бодот за утврдување на бруто плата изнесува 50,50 ден.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниот начин:

- средствата ќе се планираат на сметка -дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката - дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од 2 дена пред исплатата на платите на вработените до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитуалцијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации се должни да достават известувања за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги доставува до ресорното министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Од буџетот на Општината се финансираат расходи за тековно одржување во ООУ преку сметка (630 и 603).

Од буџетот на Општината се финансира Јавна локална установа - Библиотека Светлина-Дрита с.Прељубиште и тоа расходи за тековно одржување, плати и надоместоци на вработените од сметка 630 преку 603-Програма К1.

Јавната локална установа -Библиотека Светлина-Дрита с.Прељубиште изготвува Годишен финансиски план по квартали за користење на средства потребни за тековно одржување, плати и надоместоци на вработените.

Финансискиот план по квартали за користење на одобрените средства го одобрува Градоначалникот.

Член 13

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот изнесува 40% од просечната месечно нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на седница на Совет.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 14

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневници за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 ден. и тоа за секои поминати од 8-12 часа половина дневница (350) ден. и цела дневница од 12-24 часа (700) ден.

Вработените во општинската администрација и Градоначалникот имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат во странство врз основа на уредни и веродостојни документи според Законот за работни односи, општиот колективен договор и уредбата за издатоци за службен пат и селидби во странство.

Член 15

Исплата на име надомест за годишен одмор за вработените во општина Јегуновце ќе се врши од Програма - општинска администрација - Е0 расходно конто 404110 - надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9.000ден. нето, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

Член 16

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен од програма - Градоначалник - Д0 расходно конто 464990 -Разни трансфери.

Член 17

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите неможе да се

издаде фактура и само во ограничени поединечни износи од 6.000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 18

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на Општина Јегуновце, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалнкот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000 ден. одлучува Градоначалникот.

Член 19

Исплатата на надоместоците за отпреминина за пензионирање на вработениот во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма-„ЕО-Општинска администрација„ односно Н1- образование односно В1 социјална заштита и заштита на деца односно од Програма во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 ден., во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 ден., а исплатата ќе се врши од Програма-Градоначалник-Д0 расходно конто 464990- Други трансфери

Расходите од став 1 и 2 на овој член ќе се исплаќаат од соодветните програми и тоа:

- За вработените во општината од Основниот буџет на општината
- За вработените во локалните јавни установи од Програмата Н1 и В1 од сметките на блок дотација.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот/директорите на соодветните установи.

Член 20

Исплата на име Јубилејни награди за вработените во општина Јегуновце, ќе се врши од Програма - Градоначалник - Д0 расходно конто 464990- други трансфери на основа донесена Одлука од Градоначалникот бр.09-449/1 од 08.03.2023год.

Член 21

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 22

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во буџетот на РСМ за тековната фискална година согласно член 51 став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, и во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година, согласно член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ќе даде Градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложи образец М-1.

Член 23

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 24

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

За трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 одлучива Советот и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации,
- трансфери до спортски клубови и
- други исплати за кои одлучува Советот.

Градоначалникот може со Решение да одобри исплата на парични средства на расходните потставки од потпрограмите на буџетот на општината.

Член 25

Средствата утврдени во пооделни програми донесени од Советот на општината со кои се финансираат претпријатијата чиј основач е општината, за реализација на средствата одлучува Градоначалникот согласно одлука на Совет.

Член 26

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 27

Буџетот на Општината Јегуновце се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Член 28

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ а ќе се применува од 01 Јануари 2025 год.

Бр. 08-2482/5
24.12.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година

Се прогласува Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 24.12.2024 год.

Бр. 09-2496/4
25.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 88, став 2, од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М.„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 11/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 24.12.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За утврдување на вредност на бодот за платите
на државните службеници за 2025 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен глсник„ на Општина Јегуновце, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

Бр. 08-2482/6
24.12.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинското јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2025 година

Се прогласува Одлуката за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинското јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 24.12.2024 год.

Бр. 09-2496/5
25.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02)и член 21 став 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 24.12.2024 год. донесе

О Д Л У К А
за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2025 година

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце ќе се трансферираат финансиски средства-субвенции за 2025 год. на ставка 461130-Програми А0 и Ј1 и ставка 464990-Програма А0.

Финансиските средствата ќе се трансферираат на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце во 2025 год. во зависност од финансиските можности на општината и потребите на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце.

Член 2

Средствата што ќе се трансферираат врз основа на оваа Одлука се неповратни за покривање на расходи за тековно одржување, субвенционирање, комунални услуги и други расходи, и истите јавното претпријатије ќе ги користи рационално и економично за нормално функционирање на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, по претходно доставено барање за одобрување на финансиски средства.

Член 3

Средства од Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 год. ќе се трансферираат на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце на жиро-сметка бр.290 00000 24040-02, ЕДБ 4055021501658, депонент ТТК Банка АД Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2482/7
24.12.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2025 год.

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце за 2025 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 24.12.2024 год.

Бр. 09-2496/6
25.12.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 24.12.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2025 год.

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2025 год. бр.02-664/3 што Управниот одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце ја усвои на ден 20.12.2024 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2482/8
24.12.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 г..... 1

2. Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 г. 2

3. Решение за прогласување на Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 г..... 35

4. Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 г..... 36

5. Решение за прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 г..... 37

6. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2025 г..... 38

7. Решение за прогласување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државни службеници за 20245год. 45

8. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државни службеници за 2025 год. 46

9. Решение за прогласување на Одлуката за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2025 година.. 47

10. Одлука за трансферирање на средства-субвенции од Буџетот на Општина Јегуновце на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2025 г..... 48

11. Решение за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2025 год 49

12. Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за 2025 год..... 50